**АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ
# НА АД ЕСМ-СКОПЈЕ

**Скопје, септември, 2025 година**

**СОДРЖИНА**

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ....................................................................................................................3
2.ОРГАНИЗАЦИСКА, ФУНКЦИОНАЛНА И ПРОСТОРНАТА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО....................................................................................................................4
2.1.АД ЕСМ – Скопје,Дирекција....................................................................................4
2.2.Подружница РЕК „Битола"-Новаци .... .......................................................................4
2.3.Подружница РЕК „Осломеј"-Осломеј.........................................................................5
2.4.Подружница ХЕС „Црн Дрим"-Струга.........................................................................5
2.5.Подружница ХЕС „Маврово"-Гостивар.......................................................................6
2.6.Подружница„Енергетика"-Скопје...............................................................................7
2.7.Подружница ХЕС „Треска"-Скопје..............................................................................7
2.8.Подружница ХЕЦ „Тиквеш"-Кавадарци.......................................................................8
2.9.Подружница ТЕЦ „Неготино"-Неготино.......................................................................9
3. УРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ............................................ 9
3.1.Обврски на Управниот одбор.....................................................................................10
3.2.Обврски на директорите на подружниците................................................................10
3.3.Обврски на лицата кои ја организираат и спроведуваат противпожарната заштита....................................................................................................................11
3.4.Права и обврски на вработените................................................................................11
4.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР И ЕКСПЛОЗИИ СО КОИ ЌЕ СЕ ОТСТРАНУВА ОДНОСНО НАМАЛУВА ОПАСНОСТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ СОГЛАСНО СО УСЛОВИТЕ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ ....................................................................................................12
5. НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРУШТВОТО СО ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ ПО РАБОТНИТЕ МЕСТА, ПРИ СТАПУВАЊЕ НА РАБОТА ИЛИ ПРИ РАСПОРЕДУВАЊЕ ИЛИ ПРОМЕНА ОД ЕДНО НА ДРУГО РАБОТНО МЕСТО....................................................................................................................14
6. НАЧИН НА ОБУЧУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ, РАКУВАЊЕ СО УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ ПОЖАР....................................................................................................................14
7. РАСПОРЕД И ВРЕМЕ НА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ ПОЖАР НА ДРУШТВОТО...................................................15
8.ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР..............................................................................16
9.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ...............................................................................17

Врз основа на член 75 став 2 од Законот за заштита и спасување(Службен весник на РМ бр.36/04..................215/21), член 46 од Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ бр.67/04.................168/17), Уредбата за спроведување на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Службен весник на РМ бр. 100/10), Упатството за содржината на Правилникот за заштита од пожари и експлозии на државните органи, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва, трговците поединци и други правни лица (Службен весник на Република Македонија бр.80/11.......520/2016), Правилникот за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари и другата противпожарна опрема, нивното одржување во исправна состојба, посебно обележување и достапност во употреба (Службен весник на Република Македонија бр.31/06 и 74/06), член 25, став 1 и 2 и член 26 и 27 од Правилник за технички нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари (Службен весник на Република Македонија бр.31/06 и 26/2018), член 14 од Деловникот за работа на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Управниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на 11.09.2025 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ НА АД ЕСМ - Скопје

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат превентивните и организациски мерки, постапки и обврски на вработените и одговорните лица за навремено откривање,отстранување, спречување,како и нивно обучување за безбедно постапување во случај на пожари и експлозии ,навремена реакција за ефикасно пристапување кон гаснење,како и брза евакуација на вработените и другите лица, за заштита на вработените и имотот во случај на пожари и експлозии согласно законските и подзаконските акти во АД ЕСМ-Скопје (во натамошниот текст Друштвото).

**Член 2**

Активностите и мерките за заштита од пожар и експлозии се од интерес на Друштвото како целина и тие се организираат и спроведуваат во Дирекцијата и сите подружници. Заради тоа загрозувањето и уништувањето имот или на дел од имотот на Друштвото од намерно предизвикан пожар или експлозија се смета како штета на Друштвото во целина.

**Член 3**

Сите вработени и други лица, кои по кој било основ се наоѓаат или се задржуваат во Друштвото должни се да ги почитуваат,спроведуваат и постапуваат по мерките за заштита од пожари и експлозии пропишани со овој Правилник.

## 2.ОРГАНИЗАЦИСКА, ФУНКЦИОНАЛНА И ПРОСТОРНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

**Член 4**

АД ЕСМ-Скопје, покрај Дирекција, се состои од осум Подружници и тоа:

- Подружница РЕК„ Битола" - Новаци
- Подружница РЕК „Осломеј" - Осломеј
- Подружница ХЕС „Црн Дрим" - Струга
- Подружница ХЕС „Маврово" - Гостивар
- Подружница „Енергетика" - Скопје
- Подружница ХЕС „Треска" - Скопје
- Подружница ХЕЦ „Тиквеш" - Кавадарци
- Подружница ТЕЦ „Неготино" - Неготино

Основна дејност на Друштвото е производство на електрична и на топлинска енергија.

### 2.1. Дирекција на АД ЕСМ-Скопје

**Член 5**

Дирекцијата на АД ЕСМ-Скопје се наоѓа на улица „11-ти Октомври" број 9 во Скопје и се состои од Кабинет на генерален директор и пет сектори :

- Сектор за производство на електрична енергија,
- Сектор за развој и инвестиции,
- Сектор за финансиски работи,
- Сектор за комерцијални работи, и
- Сектор за правни и општи работи.

Дирекцијата е сместена во висококатница кула и се состои од 10 ката, приземје, подрум и мезанин, со вкупно три влеза/излези. Објектот има сопствена дојавна централа за пожар, хидрантска мрежа и противпожарни апарати кои се поставени на видни и лесно пристапни места во подрум, мезанин, приземје и на сите катови.
Одговорни лица во Дирекција на АД ЕСМ – Скопје ,кои се грижат за спроведувањето на противпожарната заштита се координаторот за противпожарна заштита и помошник координатор за противпожарна заштита.

### 2.2. Подружница РЕК „Битола" – Новаци

**Член 6**

Подружница РЕК-„Битола" - Новаци е лоцирана на подрачјето на општина Новаци. Основна дејност во подружницата е ископ на јаглен и производство на електрична енергија,а производствениот процес се одвива континуирано во три смени.
Во подружница РЕК „Битола" функционира интервентна професионална противпожарна единица со инженер за заштита од пожари , која работи континуирано и непрекинато во три смени.
Во рамките на подружницата работат две производстени единици (во понатамошниот текст ПЕ) и тоа:ПЕ Рудници и ПЕ Термоелектрани, како и четири административни сектори:

- Сектор за правни, кадровски и општи работи,
- Сектор за финансиско-економски работи,
- Сектор за комерцијални работи, и
- Сектор за развој и инвестиции.

Командирот на ПП единицата,инженерот за заштита од пожари и раководителот на службата за СТС се одговорни и се грижат за спроведување на мерките за заштита од пожари и експлозии. Противпожарната заштита е со сопствена дојавна централа, хидрантска мрежа, противпожарни апарати и стабилни системи за гаснење.

### 2.3. Подружница РЕК „Осломеј" - Осломеј

**Член 7**

Основна дејност во подружница РЕК „Осломеј" е ископ на јаглен и производство на електрична енергија, а производниот процес се одвива континуирано во три смени.
Во подружница РЕК „Осломеј" функционира служба за ФТО и ППЗ којашто работи континуирано и непрекинато во три смени.
Во рамките на подружницата работат две производни единици (во понатамошниот текст ПЕ) и тоа:ПЕ Рудник и ПЕ Термоелектрана, како и четири административни сектори:

- Сектор за правни и општи работи,
- Сектор за финансиско работење,
- Сектор за комерцијални работи и магацинско работење,и
- Сектор за развој и инвестиции.

Во подружница РЕК „Осломеј" постои стабилен систем за дојава на пожар, хидрантска мрежа, стабилни системи за гаснење пожар и ПП апарати.
Раководителот на службата за обезбедување, одговорниот референт за одбрана, заштита и спасување и кризи, ФТО и ППЗ и одговорниот за ППЗ се грижат и се одговорни за спроведувањето на мерките за заштита од пожари и експлозии.

### 2.4. Подружница ХЕС „Црн Дрим" – Струга

**Член 8**

Подружница ХЕС Црн Дрим ја сочинуваат: Дирекција, ХЕ „Глобочица" и ХЕ „Шпилје".
Основна дејност на подружница ХЕС „Црн Дрим" е производство на електрична енергија.

### А)Дирекција на ХЕС „Црн Дрим"- Струга

Дирекцијата се наоѓа на адреса „Плоштад на револуција" бб. Во подружницата ХЕС „Црн Дрим" функционираат следните служби:

- Служба за правни и општи работи,
- Служба за финансиски и комерцијални работи,
- Служба за градежни работи,
- Служба за електромашинско одржување,

- Служба за производство на електрична енергија,и
- Служба за развој и инвестиции.

**Б) ХЕ „Глобочица"**

Се наоѓа на 35 км на патот од Струга кон Дебар. Ја сочинуваат брана, машинска хала и придружни објекти, меѓусебно поврзани со пристапни патишта. Производствениот процес се одвива во три смени.

Објектот има два влеза/излези.До сите објекти во хидроелектраната патиштата се лесно проодни и пристапни.

**В)ХЕ „Шпиље " – Дебар**

Објектот ХЕ „Шпиље " се наоѓа на крајниот западен дел на РСМ на оддалеченост од 5 км од градот Дебар. ХЕ „Шпиље" ја сочинуваат брана, машинска хала и придружни објекти, сите меѓусебно поврзани со пристапни патишта. Производствениот процес се одвива во три смени.

Одговорниот референт за одбрана, заштита и спасување и кризи, ФТО и ППЗ и референтот за БЗР се грижат и се одговорни за спроведувањето на мерките за заштита од пожари и експлозии. Во објектите има хидрантска мрежа и противпожарни апарати.

## 2.5. Подружница ХЕС „Маврово" – Гостивар

**Член 9**

Подружницата ја сочинуваат Дирекција, ХЕ „Вруток, " ХЕ „Равен" и ХЕ „Врбен". Седиштето на подружницата се наоѓа на улица „Браќа Ѓиновски" број 42 во Гостивар.Основна дејност на подружница ХЕС „Маврово" е производство на електрична енергија, а производниот процес се одвива континуирано во три смени и се состои од следните служби :

- Служба за производство,
- Служба за електро одржување,
- Служба за машинско одржување,
- Служба за транспорт, одржување на возила и градежна механизација,
- Служба за градежно одржување,
- Служба за правни и општи работи,и
- Служба за финансиски и комерцијални работи.

**А)ХЕ „Равен"**

Хидроелектраната е лоцирана во атарот на селото Равен во непосредна близина на патот Гостивар – село Вруток и во нејзини рамки постои еден главен влез и два споредни влезови/излези. До ХЕ „Равен" има прооден пристапен пат.

**Б)ХЕ „Вруток"**

ХЕ „Вруток" се наоѓа во атарот на село Вруток во непосредна близина на изворот на реката Вардар. Машинскиот дел се наоѓа под земја и до него се пристапува низ тунел во должина околу 1 км. Во објектот има еден влез/излез. До ХЕ Вруток има прооден пристапен пат.

**В)ХЕ „Врбен"**

ХЕ „Врбен" се наоѓа во атарот на селото Врбен, на Горно-радичански слив во непосредна близина на Маврови Анови, до која што води пристапен пат.

Магацин „Гостивар" (главен магацин за резервни делови) се наоѓа на периферијата на Гостивар во непосредна близина на железничката станица.

ПП заштитата е со хидрантска мрежа, ПП апарати и стабилни системи за дојава и гаснење на пожар.

Одговорниот референт за БЗР и референтот за ЗПР се одговорни и се грижат за спроведување на мерките за заштита од пожари и експлозии.

## 2.6. Подружница „Енергетика" – Скопје

**Член 10**

Објектите на подружницата се сместени во кругот на поранешната фабрика „Рудници и железарница – „Скопје", во Општина Гази Баба. Основната дејност на подружницата е производство на електрична и топлинска енергија, а производствениот процес се одвива континуирано во три смени.

Во Подружница Енергетика, како една организациона целина, функционираат Кабинет на директорот и следните служби:

- Служба за правни - кадровски и општи работи,
- Служба за финансиски работи,
- Служба за комерцијални работи,
- Служба за дистрибуција и снабдување со топлинска енергија,
- Служба за дистрибуција на електрична енергија,
- Служба за производство,
- Служба за електро одржување,
- Служба за машинско одржување,и
- Служба за техно-економски, погонски и пазарни анализи и поддршка на БИС.

Објекти кои се во состав на подружница Енергетика се следните:

- управна зграда,
- трафостаница „Север" 110 kV од затворен тип,
- трафостаница „Југ" 35kV,
- котелски постројки,
- ТС 10-Е, и
- КОГЕЛ.

Во објектите се инсталирани стабилен систем, хидрантски мрежи и ППА.

Стручен соработник за БЗР, ИСО стандарди и осигурување, Референт за осигурување и ХТЗ и техничар за техничка документација, одбрана, заштита и спасување и кризи, се одговорни и се грижат за спроведување на мерките за заштита од пожари и експлозии.

## 2.7. Подружница ХЕС „Треска"- Скопје

**Член 11**

Подружница ХЕС „Треска" -Скопје ја сочинуваат: Дирекција, ХЕ „Козјак" и ХЕ „Света Петка".

**А) Дирекција на ХЕС „Треска" - Скопје**

Дирекцијата се наоѓа во Скопје, во центарот на градот на улица „ 11-ти Октомври" број 9 и е сместена во зградата на АД ЕСМ- Скопје.

Основна дејност на подружницата е производство на електрична енергија од хидро потенцијал, а производствениот процес се одвива континуирано во три смени.

Согласно организациската поставеност во подружница ХЕС „Треска" функционираат следните служби:

- Служба за правни работи и човечки ресурси,
- Служба за финансиски и комерцијални работи,
- Служба за градежни работи,
- Служба за електромашинска опрема,
- Служба за производство и одржување,и
- Служба за одржување на процес на опрема.

**Б) ХЕ „Св.Петка"**

Објектот ХЕ „Света Петка" се наоѓа на оддалеченост од 35 км од центарот на Скопје, во општина Сопиште - Скопје.

Објектот го сочинуваат брана, машинска зграда и придружни објекти, меѓусебно поврзани со проодни патишта. Објектот има еден главен влез/излез.

**В) ХЕ „Козјак"**

Се наоѓа на оддалеченост од 45 км од Скопје, во општина Сопиште – Скопје. Објектот го сочинуваат брана, машинска зграда и придружни објекти, меѓусебно поврзани со проодни патишта. Објектот има еден главен влез/излез.

ПП заштитата е регулирана со ПП апарати, хидрантска мрежа и ПП систем за дојава и гасење пожар.

Одговорниот работник за ФТО и референтот за одбрана, заштита и спасување, кризи, обезбедување и ППЗ се грижат и се одговорни за спроведувањето на мерките за заштита од пожари и експлозии.

## 2.8. Подружница ХЕЦ „Тиквеш" – Кавадарци

**Член 12**

Објектот ХЕЦ „Тиквеш" се наоѓа на територијата на општина Кавадарци, во атарот на село Возарци.Основна дејност во подружница ХЕЦ „Тиквеш" е производство на електрична енергија. Производствениот процес се одвива континуирано во три смени.

Во согласност со организациската поставеност во подружница ХЕЦ „Тиквеш" функционираат следните служби:

- Служба за правни и општи работи,
- Служба за финансиски и комерцијални работи,
- Служба за градежни работи,
- Служба за производство ,
- Служба за електро одржување,и
- Служба за машинско одржување.

Дирекцијата на подружницата се наоѓа во кругот на хидроцентралата.
Објектот го сочинуваат управна зграда, брана, машинска зграда, магацински простории и други придружни објекти, меѓусебно поврзани со прооден пат.
Во управната зграда на ХЕЦ постојат два влеза/излези и ПП скали, во машинска зграда има три влеза/излези.ПП заштитата е со хидрантска мрежа и противпожарни апарати.
Референтот за одбрана,заштита и спасување и кризи, обезбедување и ППЗ, како и одговорниот за БЗР се грижат и се одговорни за спроведувањето на мерките за заштита од пожари и експлозии.

## 2.9. Подружница ТЕЦ „Неготино" – Неготино

**Член 13**

Подружница ТЕЦ „Неготино" е лоцирана на подрачјето на општина Неготино, во атарот на село Тремник. Основна дејност во подружницата е производство на електрична енергија од мазут, а производствениот процес се одвива континуирано во три смени.
Во Подружница ТЕЦ „Неготино" функционира против пожарна заштита, која работи во три смени.
Во рамките на подружницата постојат следните административни единици:
- Сектор за правни и општи работи,
- Сектор за производство,
- Сектор за финансиски и комерцијални работи,
- ИТ сектор,
- Служба за електро одржување,
- Служба за машинско одржување, и
- Служба за регулирање и мерење.

Противпожарната заштита е со сопствена дојавна централа, хидрантска мрежа, стабилен систем со пена во мазутно стопанство и противожарни апарати.
Референтот за одбрана, безбедност и ППЗ е одговорен за спроведувањето на мерките за заштита од пожари и експлозии.

# 3.УРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

**Член 14**

Заштитата и спасувањето од пожари и експлозии опфаќа:

- мерки за заштита од пожари и експлозии,
- организација, делокруг, овластувања и обврски на вработените задолжени за организирање и спроведување на превентивните мерки за заштита,
- запознавање на вработените со мерките и опасностите од пожар и постапка во случај на пожар, организирање и одржување на обуки (теоретски и практични) и проверка за оспособеноста за правилно ракување со средствата и опремата за гаснење на пожари,
- обврски на Управниот одбор,
- обврски на директорите на подружниците,
- обврски на лицата кои ја организраат и спроведуват противпожарната заштита,

- права и обврски на вработените,
- обезбедување опрема и средства за гасење на пожари,и
- редовна контрола, испитување и одржување на опремата за ППЗ.

## 3.1.Обврски на Управниот одбор

**Член 15**

Управниот одбор на Друштвото ги има следните обврски:

- ги донесува актите и плановите за уредување на прашањата поврзани со заштитата од пожари и експлозии во Друштвото,
- при реконструкција, адаптација, при воведување на нови технологии и опрема за работа, дава согласност да се применуваат сите законски мерки пропишани за ПП заштита,
- одобрува потребни финансиски средства за спроведување на мерките и активностите за заштита од пожари и експлозии,
- донесува одлуки, заклучоци за унапредување и обезбедување на мерки и средства за заштита од пожари и експлозии, а во врска со нив и утврдува конкретни обврски на поединци, одговорни работници и служби во Друштвото,и
- донесува одлуки за надминување и подобрување на конкретни состојби од областа на заштитата од пожари и експлозии.

## 3.2.Обврски на директорите на подружниците

**Член 16**

Директорите на Подружниците на Друштвото ги имаат следните обврски:

- ги реализираат и постапуваат по донесените заклучоци и наредби од Управниот одбор во врска со заштитата од пожар и експлозии и преку службите вршат контрола за нивното извршување,
- организираат и спроведуваат мерки за заштита од пожари и експлозии кои се дефинирани со прописите на овој правилник,
- во случај на непосредна и неизбежна опасност од несреќи и хаварии, наредуваат спасување и евакуација на вработените,
- донесуваат забрани за работа и работни задачи при констатирани недостатоци и при непосредни опасности од пожари и експлозии,
- се грижат за набавка на опремата и средствата за гаснење на пожари,
- поведуваат постапки за повреда на работните односи против работникот кој не ги спроведува или не се придржува кон пропишаните мерки за заштита од пожари,и
- преку одговорните лица за ППЗ го контролираат извршувањето на задачите во случај на инспекциски надзор од овластена институција.

### 3.3. Обврски на лицата кои ја организираат и спроведуваат противпожарната заштита

**Член 17**

Лицата кои ја организираат и спроведуваат противпожарната заштита ги имаат следните обврски:

- организираат контрола на спроведувањето на мерките за заштита од пожари пропишани со овој правилник и со законските и подзаконските акти,
- вршат навремена набавка на техничка опрема и средства за гаснење на пожари,
- организираат запознавање на новопримените вработени при стапување на работа или нивно распоредување од едно на друго работно место со опасностите од пожари и експлозии,
- го утврдуваат бројот и разместувањето на протипожарните апарати и друга опрема и преземаат мерки за нивна замена,поправка,сервис и др.
- се грижат за редовна контрола,сервисирање и испитување на опремата за ППЗ да биде секогаш во исправна состојба и да не се употребува за други цели, освен за онаа за која е наменета,
- на видни и пристапни места поставуваат ознаки и знаци за предупредување и забрана,
- ја организираат и водат акцијата за гаснење на пожари се до моментот на пристигнување на противпожарната единица на градот каде припаѓа подружницата,
- ја проценуваат потребата од постапување на противпожарна стража кога тоа е потребно,
- се грижат за влезот-излезот ,пристапните патишта да бидат слободни и проодни,
- остваруваат контакти и соработуваат со ДЗС,ТППЕ,МВР,ЦУК и др.институции по потреба,
- постапуваат по одлуките и наредбите од областа на заштитата од пожари донесени од управен одбор, и
- предлагаат превентивни мерки за заштита од пожари и експлозии.

### 3.4. Права и обврски на вработените

**Член 18**

Вработените во Друштвото ги имаат следните права и обврски:

- при извршување на работните задачи да ги применуваат мерките за сигурна и безбедна работа, како и употреба на средствата и опремата во извршување на работните задачи со цел заштита од пожари,
- со стекнување статус на вработен, да се запознаат со опасности од пожари поврзани со работното место,
- да присуствуваат на предавања и обуки за ППЗ за правилна и безбедна употреба на ПП апарати и хидрантска опрема за почетно гаснење на пожари,
- да ги почитуваат знаците за забрана за пушење во работните простории,забрана за употреба на отворен пламен,забрана за користење на алат кој искри, забрана за користење на дополнителни грејни тела,

- да го применуваат упатството за постапување во случај на пожари,
- навремено да ги пријавуваат кај одговорните лица сите воочени недостатоци, неправилности и опасности кои може да предизвикаат пожар и експлозија,
- правилно и внимателно да ракуваат со опремата и средствата за заштита од пожари и експлозии,
- на работниците кои учествуваат во гаснењето пожар и отстранување на последиците предизвикани од пожарот им следува паричен надоместок за успешно извршената работа,и
- одредбите од претходниот став важат и во случај кога работникот учествува во гаснење пожар на друго место по налог на претпоставениот.

## 4.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР И ЕКСПЛОЗИИ СО КОИ СЕ ОТСТРАНУВА ОДНОСНО НАМАЛУВА ОПАСНОСТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ СОГЛАСНО СО УСЛОВИТЕ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ

**Член 19**

Заштитата и спасувањето од пожари и експлозии опфаќа мерки и активности од нормативен,оперативен,организационен ,технички,образовен и пропаганден карактер ,се планира, организира и се спроведува во сите средини,објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

**А) Превентивни мерки**

- електричните инсталации и уреди да бидат изведени според техничките прописи и редовно да бидат прегледани и испитувани,
- влезовите/излезите во сите објекти и простории на Друштвото во секое време да се проодни, пристапни и слободни и имаат ознака „ПРАВЕЦ ЗА ЕВАКУАЦИЈА“ и „ИЗЛЕЗ“,
- плановите за евакуација да се поставаат на видни места,
- на видни и воочливи места да се поставаат ознаки/знаци за „ЗАБРАНЕТО ПУШЕЊЕ“ и „ЗАБРАНА ЗА РАБОТА СО ОТВОРЕН ПЛАМЕН “,
- на електро постројките да се поставаат предупредување со натпис: „ОПАСНО ПО ЖИВОТ“ и „ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР ИСКЛУЧИ ЈА СТРУЈАТА“,
- противпожарната опрема (ПП апарати и хидранти) да се поставени на видно и лесно достапно место и означена со знаци,
- секојдневно да се одржува чистотата во сите производни и деловни објекти на Друштвото ,
- рачните и автоматските дојавувачи на пожар да се во исправна состојба.;
- проверката на ПП опремата и инсталациите да се вршат редовно и согласно законски прописи,
- се врши редовна проверка на вентилационите и клима уредите и компресорите,
- сите отпадоци, посебно запаливите, се отстрануваат од просториите на Друштвото, се собираат во затворени корпи за отпадоци кои задолжително се празнат секој ден по завршувањето на работното време,
- депонирањето на запаливи и други отпадни материи и материјали се врши во соодветни метални контејнери поставени на оддалеченост не помалку од шест метри од објектите,

- во просториите во кои постојат опасности од пожар односно од експлозија строго се забранува употреба на отворен оган, работа со алат што искри, пушење или каква било друга работа која создава опасност од настанување на експлозија и пожар,
- не е дозволено внесување и чување на материјали што се склони кон самозапалување,
- сите површини, особено тревните, редовно се одржуваат за да не бидат потенцијална опасност за појава на пожар,
- објектите да бидат заштитени со противпожарен појас,
- да се постават и одржуваат патоказите и паничните светла,
- при изведување на доградби, реконструкции, адаптации и слично да се применуваат посебни мерки за заштита од пожар и експлозија,
- запаливите течности, експлозивни гасови, нагризувачки материи, отровни и други опасни материи да се чуваат во простории кои одговараат на важечките законски прописи,
- на сите места каде што се чуваат и користат запаливи течности и други опасни материи треба да има поставено знак за предупредување, знак за забрана за пушење, забрана за работење со отворен пламен, заварување и сл.,
- покрај секој резервоар за запаливи течности треба да се постават по два до три сандаци со песок и алат,
- телефонските броеви на ТППЕ,ЦУК,МВР,БРЗА ПОМОШ се истакнати на видни и пристапни места,и
- внатрешното и надворешното осветлување на објектот да одговара согласно важечките прописи.

**Б) Оперативни мерки**

Оперативните мерки се активности за откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците од истите.Тие се состојат од:

**1.Активирање на аларм**
- автоматско или рачно,и
- известување на службите и менаџментот.

**2.Евакуација и првичен одговор:**
- пристапување кон гаснење на пожарот, и
- навремена евакуација на вработените.

**3.Гасење на пожар:**
- да се употребат сите расположливи средства и опрема за гаснење на пожар,
- брзо и навремено информирање и барање на помош од МВР, ДЗС, ЦУК и ТППЕ, и
- изготвување извештај и анализа на причините за настанување на пожар.

**4.Собирни места:**
- пребројување на вработените на собирните места, и
- пружање на соодветна помош.

## 5.НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРУШТВОТО СО ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ ПО РАБОТНИТЕ МЕСТА, ПРИ СТАПУВАЊЕ НА РАБОТА ИЛИ ПРИ РАСПОРЕДУВАЊЕ ИЛИ ПРОМЕНА ОД ЕДНО НА ДРУГО РАБОТНО МЕСТО

**Член 20**

Секој нововработен или прераспределен работник се запознава со изворите и опасностите за настанување на пожари, како и начин на постапување во случај на пожар и експлозија. Согласно Законот за безбедност и здравје при работа, минимум еден вработен на секој 20, потребно е да биде обучен за ракување со ПП апарати и хидранти.

Обучување на вработените за опасностите од пожари и експлозии и справување со нив,го вршат овластени стручни лица со посебни овластувања од Дирекција за заштита и спасување.

Вработените кои работат на работни места со зголемена опасност од пожари, се обучуваат за гаснење пожари.

Теоретското и практичното запознавање ги спроведува стручно лице во согласност со закон.

## 6.НАЧИН НА ОБУЧУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ, РАКУВАЊЕ СО УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ ПОЖАР

**Член 21**

Обуката на работниците од областа на заштита од пожари и експлозии се спроведува на следниот начин:

- при стапување на вработениот на работа,
- при прераспоредување од едно на друго работно место, и
- за време на работата.

**Член 22**

Обуката опфаќа теоретски и практични знаења и тоа за:

- општите опасности за пожари,
- специфичните опасности од настанување на пожари поврзани за поедини работи,
- нормите и нормативите за заштитата од пожари и експлозии,
- содржините на Правилникот за заштита од пожари и експлозии,
- должностите и одговорностите во спроведувањето на заштитата од пожари,и
- начинот за ракување со противпожарните апарати и друга опрема за гаснење пожари.

**Член 23**

Обуката ја изведуваат и спроведуваат овластени правни лица лиценцирани за спроведување на обуки. По извршената обука овластеното правно лице на секој работник кој ја завршил обуката му издава соодветен документ за завршена обука.Обучувањето се врши согласно претходно утврден план за обука. За извршена обука на вработените од заштита од пожари се води соодветна евиденција.

**Член 24**

За работниците кои работат на работни места каде има зголемен ризик од појава на пожари и работниците распоредени во службата за обезбедување и противпожарна заштита се организира и спроведува дополнителна обука за противпожарна заштита.

## 7. РАСПОРЕД И ВРЕМЕ НА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ ПОЖАР НА ДРУШТВОТО

**Член 25**

Заради заштита и справување со пожари и експлозии, во објектите во Друштвото, противпожарната заштита е организирана со :

- инсталирање на системи за дојава на пожар (рачни и автоматски),
- инсталирање на стабилен систем за гаснење пожар (засебен), автоматски или рачен, за секоја постројка посебно,
- инсталирање на хидрантска мрежа внатрешна - надворешна (надземна и подземна),
- противпожарни апарати,
- алат за брза интервенција, и
- приручни средства.

**Член 26**

За противпожарна заштита предвидени се преносни и превозни ПП апарати S и CO2, во доволен број, според квадратурата и пожарната оптовареност на објектот.
Распоредот и бројноста на ПП апаратите се одредени согласно важечка законска регулатива, прикажани во планови за евакуација за секој кат поединечно.
За целосна евиденција за видот и бројот на противпожарните апарати, како и нивната местоположба, задолжени се одговорните лица за БЗР и ППЗ.
На противпожарните апарати мора да стои контролен картон со податоци на контролен преглед и исправност за истите, сервисирани од овластено правно лице.
Противпожарните апарати се сервисираат најмалку еднаш во период од една година, а противпожарните апарати изложени на надворешни влијанија, се сервисираат најмалку еднаш во период од шест месеци.

**Член 27**

Рачните противпожарни апарати се поставени на видно и лесно достапно место, а над апаратот да има поставена ознака ППА со пропишани димензии, согласно законски и подзаконски акти.

**Член 28**

Хидрантите се обележани со знакот „Н“ и обоени со црвена боја.
Хидрантот да има на располагање капацитет на вода од најмалку 3 литри/секунда и воден притисок од минимум 3 бари, комплетиран со противпожарни црева, млазница и клуч за отворање и затворање на доводот на вода.

**Член 29**

Испитувањето на исправноста на хидрантската инсталација се врши најмалку еднаш годишно од страна на овластено правно лице со овластување издадено од Дирекцијата за заштита и спасување.

**Член 30**

Испитувањето се врши во согласност со Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари, а опфаќа испитување на протокот на водата (статички и динамички притисок, количина на вода и др.), како и испитување на другата опрема вклучувајќи го и испитувањето на притисокот на противпожарните црева.

**Член 31**

Одржувањето,испитувањето и сервисирањето на автоматскиот систем за детекција и дојава на пожар, системот за детекција на гас, како и стабилните системи за гаснење, да се врши во согласност со техничките нормативи, стандарди и упатства од производителот, односно еднаш во текот на годината од страна на правно лице овластено за вршење на таква дејност.

## 8. ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

**Член 32**

Секој вработен кој ќе забележи пожар или непосредна опасност од настанување на пожар, должен е веднаш да пристапи кон негово гаснење со средствата кои се на располагање (хидранти, противпожарни апарати и сл.). При опожарување на постројки кои се под напон, апарати и др. , пред да се започне со гаснење, задолжително да се исклучи електричното напојување.

Доколку вработениот не може сам да ја отстрани опасноста односно да го изгасне пожарот, веднаш да побара помош од вработените кои се во негова близина и да пријави на 112 или 193 со давање на точни и кратки податоци за:

- местото на настанување на пожарот - точна адреса ,
- име и презиме на работникот кој го пријавува пожарот и контакт тел.број,
- кога настанал пожарот и што гори, и
- дали е извршена евакуација.

**Член 33**

Во работно време сигнал за дојава на пожар треба да даде работникот кој прв го забележал пожарот. Потоа се пристапува кон гаснење на пожарот и евакуација.

**Член 34**

По добиената информација за настанат пожар, во сите организациони делови, работни простории се употребуваат телефонските врски за комуникација,преку фиксен или мобилен телефон, а онаму каде што има и фунционираат радио уреди се користат и тие за пренесување на наредби и задолженија за постапување.

**Член 35**

Ако дојде до појава на пожар по работно време во ноќните часови, за време на викенд и празници, дежурните работници кои се на смена, должни се со сите расположливи средства и опрема кои им се на располагање и во непосредна близина да започнат да го гаснат пожарот. Доколку не можат да се справат со неговото гаснење, да се јават на 112 (ДЗС), (ЦУК), 193 (ТППЕ) и 192 (МВР), а потоа да го известат претпоставениот

**Член 36**

По пристигнување на противпожарната единица на местото на пожарот, со акцијата за гаснење пожар раководи одговорното лице на противпожарната единица или друго лице определено од него, кој одлучува колку лица ќе учествуваат во гаснењето пожар, а колку во спасување на имотот и лицата загрозени од пожар.

**Член 37**

Вработените се должни организирано да се вклучат во гаснењето пожар. Одбегнувањето на учество во гаснењето и спасувањето на луѓето и материјалните добра, повлекува одговорност за повреда на работната должност.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

Сите вработени лица во Друштвото се должни да се придржуваат кон одредбите на овој Правилник и да ги спроведуваат пропишаните мерки за заштита од пожари и експлозии.

**Член 39**

За се што не уредено со овој Правилник, а се однесува на материјата за заштита од пожари и експлозии во Друштвото, ќе се применуваат одредбите од позитивните законски и подзаконски прописи од оваа област.

**Член 40**

Повредата на одредбите од овој Правилник при што настанале штетни последици за Друштвото, претставува кршење на работниот ред и дисциплина на Друштвото.

**Член 41**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во Службен гласник на Друштвото.

**УО бр. 02-5694/117/2.1**
**11.09.2025 година**
**Скопје**

**Претседател,**
**м-р Лазо Узунчев**